# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

**Архивски број 0401-1344/2**
**Датум: 25.08.2023**

Врз основа на член 211 став 1 и 2 и член 212 став 5 и 6 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Известувањето за обезбедни финансиски средства бр.18-8688/2 од 18.08.2023 година од Министерството за финансии, Правилникот за систематизација на работните места на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес бр.02-847/5 од 28.06.2019 година; и Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес 02-1612/2 од 27.11.2019 година; 02-6011/2 од 29.12.2020 година и 02-215/2 од 31.01.2023 година, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2023
## за пополнување на работно место со унапредување

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес има потреба од пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас, и тоа:

1. **Водител на случај – Психолог,** 1 (еден) извршител во Служба за услуги од социјална заштита - Оддел за услуги од социјална заштита, шифра на работно место СО30303А04021.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес и Законот за социјална заштита.

Општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес:

- За Водител на случај – психолог – ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство, вид на образование Психологија
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво се:**

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

**Работното време:** понеделник до петок, од 07:30 до 15:30, 40 часа неделно

**Основна нето месечна плата:**28.928,00 денари

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со закон и со актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „4„ или „5„ при последното оценување
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.


Ул. „Нада Бутникошарова„ бр. 3 Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www. jumcsrveles.gov.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена , сметано од денот на објавување на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство
- Доказ за општата здравствена способност
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- Доказ за соодветно работно искуство
- Доказ – Диплома / Уверение за завршено образование
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архивата на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес на ул.„Нада Бутникошарова,, бр. 3 Велес, до Одделот за административни и помошно-технички работи.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

ДИРЕКТОР
Азиза Шини

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА
ДАВАТЕЛ НА ЈАВНА УСЛУГА

**1. Податоци за огласот:**

- Број на интерниот оглас ______________________
- Назив на институцијата ______________________
- Реден број и назив на работно место за кое се пријавува ______________________

**2. Лични податоци за кандидатот:**

- Име и Презиме ______________________
- Работно место на кое е рапореден ______________________
- Ниво и звање на давателот на јавна услуга во последните две години пред објавување на огласот ______________________
- Припадност на заедница ______________________
- Датум и место на раѓање ______________________
- Матичен број на кандидатот ______________________
- Адреса и место на живеење ______________________
- Контакт телефон ______________________
- E-mail адреса ______________________

**3.Кратко мотивациско писмо:** (потребно е да се достави во прилог на пријавата)

**4.Кратка биографија:** (потребно е да се достави во прилог на пријавата)

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

5. Податоци за исполнување на условите за пополнување на работното место:

- Степен на образование или стекнати кредити ________________________
- Вид на образование и насока ________________________
- Образовна институција ________________________
- Работно искуство ________________________
- Податоци за оценување во последната година пред објавување на огласот ________________________
- Податоци за изречена дисциплинска мерка пред објавување на огласот ________________________

6. Изјава за исполнување на општите услови:

- Дали сте државјанин на Република Македонија? Да Не
- Дали активно го користите македонскиот јазик? Да Не
- Дали сте полнолетен? Да Не
- Дали сте психо-физички здрав и способен за работа? Да Не
- Дали Ви е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за вршење на професија, дејност или должност? Да Не

6. Изјава за исполнување на посебните услови:

- за ниво А4 (стручен службеник од четврто ниво) стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство ДА НЕ
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење ДА НЕ

7. Податоци за повисок стекнат степен на образование од оној што како посебен услов е утврден во огласот, за положени испити, сертификати, дипломи и слично, од интерес за работното место:

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ

____________________

ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ

____________________


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес

Ул. „Нада Бутникошарова„ бр. 3 Велес
Република Северна Македонија

+389 43 231 426
www. jumcsrveles.gov.mk